Никола ЖЕЖОВ
Ванчо КЕНКОВ

УДК: 398.81(495.613:=163.3)

# ЕДЕН ПРИМЕР НА УСНА ИСТОРИЈА ОД КОСТУРСКО

***Кратка содржина***

*Усната историја имала голема традиција и корени кај македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија. Записите на Мануша Сарова Кенкова претставуваат писмено сведоштво за тоа како македонскиот народ во Костурско ги доживувал македонските револуционери и нивчата борба за ослободување на Македонија од турска власт. Авторката собрала голем број сеќавања на Македонците од Костурско за познатите револуционери и војводи од југозападниот дел на Егејска Македонија:Лазар Поп Трајков, Лазар Москов, Митре Влаот, Пандо Кљашев, Атанас Каршаков, но и македонски народни песни со патриотска содржина. Ова историско сведоштво претставува доказ за цврстото македонско национално чувство на Македонците во Егејска Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век.*

***Клучни зборови:*** *УСНА ИСТОРИЈА, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРИ, МАКЕДОНСКИ ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ.*

Во почетокот на 20-ти век македонскиот народ поминувал низ бурни премрежија. Целите на организираното македонско револуционерно движење длабоко се врежале во колективната свест на македонскиот народ. Ослободувањето на Македонија од турската власт и создавањето на автономна или независна македонска држава во нејзините етногеографски граници биле начела кои добиле универзално значење кај секој Македонец. Водачите на македонското национално ослободително и револуционерно движење од крајот на 19 и почетокот на 20-ти век станале личности со кои се идентификувал Македонецот од Шар планина до реките Струма и Места и Пирин планина и реката Бистрица. Програмските определби на ТМОРО-ВМОРО како општо прифатена организација кај македонскиот народ во овој период, нашле достојно место и во народното творештво. Македонските револуционери претставувале главен мотив и тема на

народните песни, преданија, легенди, но и пишани сеќавања кај обичниот македонски народ кои љубоморно ги чувал и ги пренесувал од колено на колено. Така усната историја станала темел на кој се потпирале стремежите на македонскиот народ за ослободување на Македонија, но и брана против посегањата по македонскиот национален идентитет, што се погласно доаѓале од соседните балкански држави.

Во поглед на револуционерната борба во овој временски период, еден од најдобро организираните делови била југозападна Македонија каде ТМОРО-ВМОРО била поставена на цврсти основи, со добро подготвена организациска мрежа. Монолитноста на организацијата особено се чувствувала во Костур и Костурско, Егејска Македонија каде таа имала речиси безрезервна подршка од македонскиот народ. Организацијата во овој дел на Македонија се наоѓала во една специфична улога затоа што се борела против два непријатели кои не ретко соработувале помеѓу себе-турската власт и грчките андарти. Токму затоа, во македонското народно творештво и усната историја во Костурско, најмногу се застапени револуционерите од оваа македонска организација.

Таков пример на усна историја е случајот со писмените сведоштва на Мануша Кенкова, со моминско презиме Сарова, по потекло од селото Д'мбени, Костурско.[1] На простор од околу 16 страници, Мануша Кенкова оставила записи во форма на сеќавања, народни преданија и песни за македонските револуционери од Костур и Костурско од крајот на 19 и почетокот на 20 век.[2] Записите се пишувани на македонски народен јазик и дијалект што е карактеристичен за говорите од југозападниот дел на Егејска Македонија. Стилот на пишу-

[1] Мануша Кенкова (моминско презиме Сарова) била родена во 1891 година во селото Д'мбени, Костурско, Егејска Македонија. Основно образование завршила во своето родно место. Во 1912 година стапила во брак, а во 1914 година го родила синот Фоти. По раѓањето на синот, нејзиниот сопруг заминал на печалба во Австралија каде му се изгубила секаква трага. За време на Граѓанската војна во Грција, во 1947 година, поради учеството на синот во единиците на Демократската армија на Грција (ДАГ), Мануша била осудена и затворена на шестмесечен затвор на островот Крф. По излегувањето од затвор во 1948 година ја напуштила Грција и заминала во Полска, во градот Згожелец каде останала се до 1955 година. По завршувањето на Граѓанската војна во Грција, нејзиниот син Фоти заминал во поранешниот СССР, во Ташкент каде и оформил семејство. По повеќе години на барање, Фоти дознал дека неговата мајка се наоѓа во Полска. Веднаш потоа Мануша Кенкова заминала во Ташкент каде со семејството на својот син останала до 1962 година. Истата година целото семејство Кенкови се преселило во Македонија. Мануша Кенкова починала во Скопје во 1971 година.

[2] Оригиналните записи на Мануша Сарова Кенкова се наоѓаат во сопственост на семејството Кенкови од Скопје. Нејзиниот внук Ванчо Кенков долги години се двоумел дали да ги објави или подари овие записи на чување во Државниот архив на Република Македонија. Благодарение на него, решивме да ја обработиме нивната содржина, а во прилог и да ги објавиме записите во нивната изворна форма.

вање е многу едноставен и разбирлив. Народните песни што ги запишала Сарова-Кенкова во најголем број случаи се распространети и интерпретирани помеѓу македонскиот народ од Костурско, а дел од нив се и помалку познати во останатите делови на Македонија. По секоја од народните песни, Мануша запишувала кратка историја или сеќавања што ги слушала кај тамошните Македонци, а кој се однесувале за личноста за која претходно и била наменета претходната песна. На тој начин авторката веројатно сакала да создаде една целина која, според нашата претпоставка, требала да и послужи како основа за конципирање на едно поголемо пишано дело кое би се однесувало на историјата на револуционерните борби за ослободување на Македонија во Костурско. Најголемиот дел од податоците за овие личности се точни, но карактеристично е тоа што Сарова-Кенкова за тоа не користела некоја литература, туку усни сеќавања на локалните Македонци кои таа внимателно ги бележела и запишувала. Песните што Сарова-Кенкова ги оставила во ракопис, најмногу ги слушала и запишувала по сеќавање за време на нејзиниот престој во Полска, а дел од нив ги пеела и во своето родно село за време и по Илинденското востание кога имала 12-тина години. Според нејзиното семејство, во дел од записите баба Мануша се користела и со своите лични сеќавања, затоа што како дете била жив сведок на тие драматични настани. Според усните сеќавања на нејзиното семејство, Мануша Кенкова постојано зборувала и за споменот и нејзината средба со Гоце Делчев кој со својата чета поминал низ селото Д'мбени за време на неговата обиколка на југозападниот дел на Егејска Македонија пред почетокот на Илинденското востание.

Во почетокот на записите, Сарова-Кенкова, евидентирала една многу позната песна во Костурско која се однесувала на војводата Митре Влаот.[3] Во песната се опејува една битка на македонскиот војвода што со својата чета ја водел против турската војска кај костурското село Поздивишта, при што народниот пеач ја потенцира непобедливоста на „Митро Капидано„.[4] Баба Мануша врз основа на своите сеќавања и тоа што го слушнала од своите соселани, составила и еден краток опис за животниот пат на војводата Митре Влаот.

---

[3] Митре Влаот (Димитар Николов Панџаров), (1873-1907), македонски револуционер, деец, војвода. По националност бил Влав. Во 1900 година бил четник во четата на Марко Лерински. Од 1902 година бил војвода на чета и учествувал во многубројни судири со турската војска и грчките андартски чети во Костурско. Со неколку свои четници влегува во заседа во близина на селото Жупаништа, Костурско, при што се самоубива.

[4] Песната нà Митро Капидано за кога направи борба во село Поздивишта, Костурцко, Записи на Мануша Сарова Кенкова, стр. 1.

Во записот е даден многу прецизен опис на личниот изглед на македонскиот војвода каде главна одлика била неговата „коса подбелена" и „брада подбелена„[5], што е сведоштво дека таквиот надворешен изглед на македонскиот револуционер бил длабоко навлезен во колективната меморија на Македонците од Костурско. Деталниот опис на битката кај селото Поздивишта, секако бил неизбежен дел од ова писмено сведоштво, затоа што победата на четата на македонскиот војвода во нерамноправната борба со турскиот аскер претставувала инспиративен момент во колективната свест на Македонците и во нивните стремежи за самоопстојување. Интересен момент во овој дел од записите на Кенкова е споменувањето на податокот дека Митре Влаот го ликвидирал познатиот грчки андартски првенец Павлос Мелас, но со објаснување дека причината е тоа што „Павло беше врховист", а македонскиот војвода ги „гонеше врховистите".[6] Ваквиот податок сведочи за тоа дека Македонците од Костурско имале многу јасна слика дека борбата за ослободување на Македонија ја водат дејците од ТМОРО-ВМОРО, а не четите и дејците на Врховниот македонски комитет од Софија кои се обидувале да најдат поволна почва за дејствување во овој дел од Егејска Македонија. Овој податок од народниот раскажувач исто така сведочи за опасноста што македонскиот народ од Костурско ја чувствувал од навлегувањето на грчките андартски чети, но и заштитничкиот карактер на Организацијата.

Во следниот дел од записите, Мануша Кенкова се задржала на личноста на Пандо Кљашев.[7] Таа го опишува него како „младо дете и учено"[8], и еден од најголемите авторитети на македонското револуционерно движење во Костурско, кој се бори „за рамноправие и суцијализам".[9] Во моментите кога Кенкова ги собирала овие записи за македонските револуционери во Костурско, најраспространети идеи кај Македонците од овој дел на Македонија биле паролите за социјализам и рамноправност кои се среќаваат и во останатиот дел од овие интересни и несекојдневни белешки. Со употреба на карактеристичниот дијалект од Егејска Македонија, во комбинација со едноставен народен стил на опишување, записите на баба Мануша се задр-

[5] Митро Влао, неина история, Записи на Мануша...op.cit., 2.

[6] Ibidem, 2.

[7] Пандо Кљашев (1882-1907), македонски револуционер, деец, војвода, учител. Од 1901 година се борел во четата на Марко Лерински. За време на Илинденското востание е еден од најголемите организатори и водачи на македонскиот народ во Костурско. По востанието се вратил од Бугарија и повторно со чета дејствувал во Костурско. Од 1906 година бил член на Битолскиот окружен комитет на ВМОРО. Тешко ранет во судир со турската војска кај селото Дреновени, се самоубил.

[8] История на Пандето Клаше, Записи на Мануша...op.cit., 3.

[9] Ibidem, 3.

жуваат и на неколкуте големи битки што Кљашев ги водел против турската војска во Костурско и кои останале во длабоко сеќавање кај македонскиот народ од тој крај. Со необична прецизност за еден собирач на усна историја, Мануша Кенкова во записите го пренела тоа што останало најзабележано за војводата Кљашев кај Македонците од Костурско, а тоа е податокот дека тој се борел и против влијанието на Борис Сарафов во тие краишта и дека за таа цел „го обезоружа Коте од Рулја и Јанков[10] бидејќи беа врховисти“.[11] Опишувајќи го учеството на војводата Пандо Кљашев во Илинденското востание 1903 година, овој запис ни предочува и еден многу драгоцен историски податок кој се однесува на изгледот на востаничкото знаме на костурските револуционери: „црвено знаме, коприна и насреде со жена, мома Македонија- везено“.[12] На крајот од кратката историја за овој македонски револуционер, оставајќи податоци за неговото загинување, Мануша Кенкова запишала и една песна за Пандо Кљашев која веројатно ја слушнала и е дело на непознатиот народен пеач од Костурскиот крај, а се однесува токму на неговата херојска смрт.[13]

Значајно место во записите на Мануша Кенкова зазема и кратката историја за македонскиот револуционер Лазар Поп Трајков[14], кој бидејќи бил родум од селото Д'мбени, заземал важно место во народното творештво и усната историја на тамошните жители, од каде била и авторката на овие запишани сеќавања. Собраните сеќавања на Македонците од родното село на Поп Трајков кои ги зачувала Кенкова, ни го претставуваат овој македонски револуционер како една од најопеаните личности од Костурскиот дел на Егејска Македонија. Овие записи на авторката многу внимателно се задржуваат на значајните моменти од животот на македонскиот војвода, со особена нагласеност на неговата заштитничка улога што тој ја имал кон македонскиот народ од Костурско. Во записот за Лазар

---

[10] Атанас Јанков (1860-1906), македонски деец, офицер. Бил роден во село Загоричани, Костурско. Бил учесник во Руско-турската војна 1877-1878 година. Завршил воено училиште во Софија. Во Горноџумајското востание организирано од Врховниот македонски комитет дејствувал со чета во Костурско. Загинал во судир со турска војска во селото Влахи, Мелничко.

[11] История на Пандето Клаше...op.cit., 3.

[12] Ibidem, 4.

[13] Ibid, 4.

[14] Лазар Поп Трајков (1877-1903), македонски револуционер, деец, војвода. Бил роден во селото Д'мбени, Костурско. Во 1899 година е уапсен и лежел две години во затворот во градот Корча. Поради болест отишол на лечење во Софија, а по враќањето во Костурско повторно бил уапсен од страна на турската власт и бил затворен во Куршумли ан. За време на Илинденското востание се вратил во Костурско и бил избран за член на костурското горско началство. Во близина на селото Трново, Костурско, бил фатен и убиен, а неговата глава била однесена во градот Костур.

Поп Трајков секако највпечатливи се забелешките за неговата маченичка смрт што останале најзапаметени кај неговите соселани. Мануша Кенкова ја пренесува огорченоста на македонскиот народ од село Д'мбени кон предавничката улога на Коте од Рулја кој „го предаде бидејќи владиката од Костур (Германос Каравангелис, Н. Ж. В. К.) му такса педесет лири кој ќе го убие и ќе му ја однесе главата...“.[15] Последниот дел од записот за Поп Трајков ја содржи поракката на Македонците од Д'мбени дека сите предавници што бесрамно посегаат по животите на македонските револуционери ќе бидат жигосани за сите времиња, а нивните нечесни дела ќе се посочуваат како негативен пример за сите идни македонски поколенија. Во тој контекст, записот на Кенкова ни посочил и една македонска народна песна од Костурско која ја опева трагичната смрт на македонскиот револуционер.[16]

Опишувајќи ги ослободителните борби на македонскиот народ во Костурско, Мануша Кенкова во кратките записи поместила и скудни биографски податоци за одметнатиот од македонската кауза, Коте од Рулја.[17] Во собраните сведенија од обичниот народ во Костурско, авторката на овие записи дошла до сознанија за омразата што се чувствувала, особено во нејзиното село, поради учеството на Коте Христов во ликвидацијата на војводата Лазар Поп Трајков. Од друга страна, Кенкова ги пренесува чувствата на олеснување и победата на правдата кај Македонците во Костурско во моментите кога се пренела веста за егзекуцијата на Христов во Битола, за што народот испеал и една песна во која бесењето на Коте од Рулја го преточува во стихови: „Трн се истреби, Коте војвода...“.[18]

Кратките записи на усна историја од баба Мануша Кенкова опишуваат уште еден македонски револуционер од Костурско-Атанас Каршаков.[19] Напишаните сведоштва за Каршаков од страна на

---

[15] История за Лазо Поптрайковъ роден во село Дъмбени, Костурцко, Записи на Мануша...op.cit., 5/6.

[16] Ibidem, 6.

[17] Коте Христов (1860-1905). Бил роден во село Рулја, Костурско. Од 1899 година станал член на ТМОРО, а во 1900 година бил назначен за војвода на првата организациона чета во Костурско. По Илинденското востание станал грчки андартски војвода. Со негово учество и согласност бил убиен војводата Лазар Поп Трајков. Во 1904 година бил затворен од турската власт, осуден на смрт и обесен во градот Битола.

[18] За Коте од Рулья, Записи на Мануша...op.cit., 7.

[19] Атанас Каршаков (1883-1907), македонски револуционер, деец, војвода од Костурско. Завршил гимназија во Битола. Станал војвода на казнена чета на ТМОРО во Костурско. Пред Илинденското востание бил ранет при што заминал на лечење во Бугарија. По востанието се вратил со чета во Костурско. Во 1907 година се судира со грчки андарти и турска војска при што бил тешко ранет. Успеал да се пробие до селото Стенско каде се самоубил.

Кенкова целосно го пренесуваат расположението на македонскиот народ од Костурско кон целите на ВМОРО која се борела за создавање на автономна македонска држава во нејзините етногеографски граници. Авторката на овие записи го опишала македонскиот војвода како непомирлив борец и организатор за ослободувањето на Македонија од турската власт. Во податоците за неговото загинување во реонот на Костенаријата, Костурско, Кенкова ни предочила едно многу интересно сознание според кое по убиството „главата му ја зема четата и му ја донесе во село Д'мбени и таму му ја погребаа. Телото му го оставија таму (се мисли на местото на загинување, село Стенско, Н.Ж. В.К.) за да не го познаат Турците кој беше војводата...".[20] Ова секако е многу важно сведоштво за свеста што постоела кај Македонците за одговорниот однос на Организацијата кон фактот дека во борбата за ослободување на Македонија, приоритет има заштитата на народот од непотребните цивилни жртви, особено доколку турската власт добиела сознанија дека некое село ги подржува комитските чети на ВМОРО. Затоа македонскиот народ испеал повеќе песни и за војводата Атанас Каршаков, а една од тие песни што се однесува на неговото херојско загинување, ни пренела и народната авторка.[21]

Во групата на македонски револуционери од Костурско, за кои Сарова-Кенкова собирала биографски податоци и народни песни бил и Лазар Москов.[22] Сарова-Кенкова како собирач на народното творештво и усната историја за предилинденскиот и илинденскиот период во Костурско, и во овој случај опишала како македонскиот народ во своите очи го видел животот и револуционерната дејност на Москов. Со кратки и едноставни реченици, но со многу разбирлив народен јазик, авторката ги пренесува размислувањата и колективната свест на обичниот Македонец од Костурско кој иако знае дека ова „учено дете" (Лазар Москов, Н.Ж, В.К.) е „еден на мајка", бил меѓу најголемите организатори во борбата за ослободување на Македонија.[23] Баба Мануша Сарова-Кенкова, во понатамошниот дел од оваа кратка историја за Лазар Москов се обидела да ни пренесе и се што успеала да дознае од своите соселани за неговото загинување. Според нејзиното писмено сведоштво, селото Вишени каде се нао-

---

[20] История за Насо Каршакоф, Записи на Мануша...op.cit., 9.

[21] Ibidem, 9/10.

[22] Лазар Москов (1880-1902), македонски револуционер, деец, војвода. Бил роден во селото Вишени, Костурско. Завршил гимназија во Битола. Во 1901 година бил избран за реонски началник на МРО во Костурско. Опкружен од турска војска во селото Вишени, Костурско се самоубил.

[23] История за Лазо Москов, Записи на Мануша...op.cit., 11.

ѓала четата на Москов било заобиколено од турска војска при што дошло до жесток судир во кој биле запалени и куќите каде се криеле комитите. Усната историја од Костурско пренесена низ овие редови, сведочи дека во критичниот момент „младите јунаци" откако ја потрошиле целата муниција, сами си ги одзеле своите животи. Народната жалост за смртта на Лазар Москов, авторката Сарова-Кенкова на многу траурен начин ја пренела низ стиховите што Македонците од Костурско ги испеале за овој трагичен настан.[24]

Собирањето на народно творештво што се однесува на борбите за ослободување на Македонија во предилинденскиот и илинденскиот период во Костурско, Мануша Сарова-Кенкова го завршила со неколку песни со родољубива содржина кои имаат многу карактеристични елементи во нивната композиција. Првата песна изобилува со мотиви од борбата на Македонците во Костурско кои се повикуваат „на бојното поле за македонска слобода", но во комбинација со веќе прифатените патриотски стихови што ги пеела цела борбена Македонија: „Не сакаме ни богатство, не сакаме ни пари, но сакаме слобода, човечки правдини".[25] Во песната се повикуваат тие што се колебливи да не влегуваат во борбените редови, што претставува еден вид на потсмевање кон нерешителните на кои им се препорачува: „Кој е страшлив, како баба дома да седи, на фурката да преди, да плаче, да реди".[26] И втората песна упатува повик за вклучување на Македонците од Костурско во борбените редови на македонското револуционерно движење за да „бајрак развијат и клетва ќе се заколни, дека војвода ќе слушаме и татковина ќе чуваме".[27]

Третата песна која исто така се однесува на Илинденското востание го опева повикот што народниот пеач го упатил до целиот македонски народ за отпочнување на револуционерна борба против турската власт. Кулминација на патриотизмот доаѓа во еден од стиховите каде се опева љубовта кон татковината – „Македонија родина мила, земја си убава, рајска градина...".[28] Стиховите на оваа многу популарна македонска песна од Костурско, го одразуваат народното расположение кое било во правец на кревање на вооружено востание, но со јасно одредена цел-ослободување на Македонија.

Крајот од овие многу интересни и живописни записи, авторката Мануша Кенкова го означила, скромно и ненаметливо. Таа ни

[24] Ibidem, 11/12.

[25] Песна Ильовденцка кога го дигнае знамето и тарнае за вастание, Записи на Мануша...op.cit., 13.

[26] Ibidem, 13.

[27] Песна друга Ильовденцка, Записи на Мануша...op.cit., 14.

[28] Песна Ильовденцка, Записи на Мануша...op.cit., 15.

претставила и неколку податоци за нејзиниот татко Ставро Саров кој како учесник во борбите за ослободување на Македонија од турската власт бил ранет за време на Илинденското востание. Неговото ранување се случило за време на една битка на комитските чети од Костурско со турската војска во реонот на Костенаријата.[29]

Записите на Мануша Сарова Кенкова претставуваат еден интересен и несекојдневен пример на усна историја на македонскиот народ од Костур и Костурско. Според податоците и начинот на кои што ни ги претставила авторката, овие записи се редок пример на тоа како обичниот Македонец гледал на судбоносните историски настани во Македонија од почетокот на 20-тиот век и на македонските револуционери од Костурско кои биле главни предводници на Илинденското востание во овој дел од Егејска Македонија. Записите изобилуваат со интересни податоци што Кенкова ги собирала кај обичниот македонски народ кои во голем број случаи се поистоветуваат со фактографијата и интерпретацијата на истите и во современата македонска историографија. Значајно во сето тоа е што, записите манифестираат цврста македонска национална свест кај Македонците во Костурско и покрај засилените пропаганди на некои балкански држави во овој дел од Македонија. Целите на тогашното организирано македонско револуционерно движење претставено во лицето на ТМОРО, подоцна ВМОРО јасно се пресликуваат и преку бројните испеани песни кај Македонците од Костурско од кои дел ни се пренесени како историско сведоштво на едно време и во овие записи на Сарова-Кенкова. Во секоја од запишаните песни, македонскиот народ од Костурско се повикува на вооружена борба за создавање на македонска држава во нејзините етногеографски граници. Но исто така треба да се потенцира и фактот дека обичниот Македонец, преку редовите на овие записи, бил многу свесен и за тоа дека ослободувањето на Македонија нема да се случи однадвор и затоа и пиететот кон докажаните македонски револуционери кои искрено се бореле во корист на македонската кауза: Митре Влаот, Москов, Кљашев, Поп Трајков. Во врска со записите, на крајот секако треба да се спомене и потенцира и податокот што авторот е жена, што ни претставува една поинаква констелација на односите во Егејска Македонија околу учеството на македонската жена во создавањето на вакви драгоцени историски дела кои се производ на усната историја. Преку редовите на овие ретки записи, Мануша Сарова Кенкова ни се претставува како една исклучително интелегентна жена која и во

[29] Записи на Мануша Сарова Кенкова, ...op.cit., 16.

тешки емигрантски услови во кои живеела, далеку од своето родно огниште, била длабоко свесна за важноста на усната историја која внимателно ја забележувала. За жал, честите преселби, поради трагичната судбина на македонскиот народ во Егејска Македонија за време на Граѓанската војна во Грција, се причина голем дел од записите на Мануша Сарова Кенкова неповратно да бидат изгубени. Сепак, тоа што Мануша Сарова-Кенкова ни го оставила како историски запис е едно драгоцено сведоштво за македонското опстојување и непокор во Егејскиот дел од Македонија и неговите децениски тежненија и борба за создавање на независна македонска држава.

(Рецензент: *ūроф. д-р Виолеūа Ачкоска*)

Nikola ZHEZHOV
Vancho KENKOV

## ONE EXAMPLE OF ORAL HISTORY FROM KOSTYR AREA

**Summary**

*The oral history had a big tradition and roots at the Macedonian people in the Aegean part of Macedonia.The text marks of Manusha Sarova Kenkova are literate testimony about that how the Macedonian people in the Kostyr area were seeing the Macedonian revolutionaries and their struggle for liberation of Macedonia from Turkish authority. The writer collected a great number of memories of the Macedonians from Kostyr area about the famous revolutionaries from the southwest part of Aegean Macedonia: Lazar Pop Trajkov, Lazar Moskov, Mitre Vlaot, Pando Kljashev, Atanas Karshakov, but also, Macedonian folk songs with patriotic contents. This historian testimony is proof for the strong Macedonian national identity of Macedonians in Aegean Macedonia at the end of XIX and the beginning of XX century.*

***Keywords:*** *ORAL HISTORY, AEGEAN MACEDONIA, MACEDONIAN REVOLUTIONARIES, MACEDONIAN PATRIOTIC SONGS.*

митро влао, неина историја

митро влао беше еден човекъ
високъ не млат. скршенъ човекъ
со косата подбелена и ходеше со брада
и брадата подбелена тои се бореше
мъшки, го организираше народо
за рамно правие и суцулизам
имаше чета беше воивода водеше
борби протиф турците по свекаде
по планини по села направи борба
во село поздивишчо 500 аскерз го
обиколие селото, митро беше во селоъ
со 12 четници и се бори цел денъ
от пенджерите дарзае огань до вечер
та на вечерта отворие пътъ и избегае
от селото, доста турци се убие а от
четата нито еден несе уби митро
беше много силен борец и му викае
митро капидано тои го уби и пав
ло мелас во статиуа заштого павло
беше врховист, тои гонеше врхови
стите, се бореше протиф, ходеше
по свекаде со четата беше по коста
нечата се върна за вака и се уби
во жупанишча село костурцко

история на пандето Клаше

Пандето Клаше е роден во село
Стрдеш той беше младо дете и
учено. на опата [Костурско] калешо. и кусо не во
соко они беше организатер и со дру
ги другари барае по селата скрито
со пушка и го организирае народо
за рамно правие и сууулизам наро
до имаше мъки от турското тира
нево и търна по темните иден
народо и пазеше от турцит ги криец
копае дупки от ена куќа во другата и се
криее. малу по малу народо се орга
низира и търна по тия идеи и мъ
жи жени свичка работае после време
тия организатели израснае и чета
со народни другари, водее и борби па
идето беше и на локвата на борбата
беше воивода той после оише и во бо
рия за против сарафоф пасе зовърна
и го безоружа коте и [от пулъ] Анноф понеже
бее върховисти тия борци заедно со
народо дигнае и востание вастанието
се дигна на 2 август на илин ден чет
те бее собрани во село Дъмбени

Факсимил од записите на Мануша Сарова Кенкова